Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ____________
Потпис
Nënshkrim
______20____година
viti ____________

Врз основа на член 70-в став (1)од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15,39/16 и 11/18и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/24), министерот за култура и туризам донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Со оваа програма се определуваат видот, носителот на активностите и износот на планирани финансиски средства за изградбата на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година.

2. Со оваа програма се планира да се реализираат следниве активности:

| **Ред. бр.** | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Износ на финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Реконструкција со надградба и доградба на објект „Универзална сала" во Скопје | Министерство за култура и туризам | 18.775.000,00 денари |
| **2.** | Изградба на објект наменет за НУ Турски Театар во Скопје (фаза: термотехнички, електротехнички и хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно-занатски работи) | Национална установа - Турски театар - Скопје | 15.000.000,00 денари |
| **3.** | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ Центар за култура „Ильо Антески – Смок" Тетово | 15.000.000,00 денари |
| **4.** | Изградба на објект - „Стар театар" во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – | 15.000.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Струмица | |
| 5. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово (зграда за театар) | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово | 5.000.000,00 денари |
| 6. | Санација на блок 3 и блок 5 од покрив на стариот дел од објектот на НУ Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје | НУ Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје | 24.000.000,00 денари |
| 7. | Санација на проодни тераси на објектот на НУ Македонски народен театар | НУ Македонски народен театар - Скопје | 5.700.000,00 |
| 8. | Изведба на работи за реконструкција на објект на поранешно кино „Партизан" во Битола при НУ „Народен театар" – Битола | Министерство за култура и туризам | 5.000.000,00 денари |
| 9. | Реновирање и уредување на просторот и санација на инсталациите на подрумските простории во зградата на НУ Национална опера и балет во Скопје | Министерство за култура и туризам | 4.300.000,00 денари |
| 10. | Санација на кровна купола, хоризонтални олуци и партер на објектот на НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот" - Велес | НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот" - Велес | 1.000.000,00 денари |
| 11. | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна Македонија (фаза: реконструкција на кровна површина) | Министерство за култура и туризам | 15.000.000,00 денари |
| **Вкупно** | | | **123.775.000,00 денари** |

3. Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 од оваа програма, во износ од 123.775.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 40, 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на интернет станицата на Министерството за култура и туризам, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Министер за култура и туризам,
Зоран Љутков

Бр.50-827/3
24.02.2025 година
Скопје